Maqedonisht



# СПИСОК СО ПРАВАТА НА ПРИВЕДЕНОТО/ ЗАДРЖАНОТО ЛИЦЕ

## ВИЕ ИМАТЕ ПРАВО:

I. Да бидете известени во најбрз рок, на јазикот којшто го разбирате, за кривичното дело за кое што се истражувате, како и за причината на подигнатите обвини;

II. Да го користите јазикот којшто вие го говорите или разбирате или да го користите знаковниот јазик, како и да ви се даде помош со преведувач или толкувач доколку не сте способни или имате ограничена способност за говорење или разбирање;

III. Да молчите, слободно да ја претставите вашата одбрана, како и да не им одговарате на одредени прашања;

IV. Да се браните самиот или со помош на некој правобранител избран од ваша страна;

V. Доколку одбраната е задолжителна или немате финансиски можности за да имате правобранител, вие ќе добиете правобранител обезбеден од државата, во согласност со законот. Вие може да побарате од офицерот на судската полиција или од јавниот обвинител подетална информација за ова;

VI. Да остварите приватна средба или да разговарате со правобранителот кој ве застапува;

VII. Да имате доволно време или олеснувања за подготвување на одбраната;

VIII. Да се сртетнете на само со вашиот правобранител пред вашето прво испрашување;

IX. Да се запознаете со актите, неопходните докази и причини за вашето приведување/задржување;

X. Да побарате што еден член од вашето семејство или некој друг ваш роднина веднаш да се извести за вашето приведување. Доколку сте странски државјанин, имате право да побарате да се извести конзуларното или дипломатското претставништво на вашата земја и доколку сте лице без државјанство или бегалец, имате право да побарате известување на меѓународната организација;

XI. Да добиете веднаш неопходна здравствена грижа;

XII. Во рок од четириесет и осум часа од приведувањето или задржувањето, јавниот обвинител ќе побара од судот уважување на вашето приведување/задржување. Вие може да побарате повеќе информација во врска со можноста за приговор за вашето приведување/задржување и ваше ослободување.



V. Hesku.